Врз основа на член 79, став 2 од Законот за шумите („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74 м 15/86) и член 29, став 1, точка 2 од Законот за ловство („Службен весник на СРМ“ бр. 5/73, 17/73 и 26/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ НА ШАР ПЛАНИНА ЗА ШУМСКИ РЕЗЕРВАТ И ЛОВИШТЕ

## I

Шумските предели на Шар Планина се прогласуваат за шумски резерват и ловиште во следниве граници:

Север - од тригонометарот 2408 на границата со САП Косово оди во правец на исток на кота 2106 (Кара Никола), потоа спрема југ на кота 1608, се спушта до кота 1178 на река Пена, од каде по течението на реката излегува на кота 1050 под селото Бродец.

Исток - од кота 1050 оди во правец југозапад до кота 1411 (Торец) потоа преку Оливадска Планина излегува на кота 1845 (Попова Шапка), го заобиколува од јужната страна Спортско-рекреативниот центар „Попова Шапка“ и излегува на кота 2051, потоа оди на кота 1980 (Карпа) и кота 2167.

Југ - од кота 2167 оди спрема југозапад до кота 2231 (Кара Бунар), свртува спрема југ преку кота 1591, тригонометарот 2662 (Брустовец) до кота 2122, го заобиколува Црно Езеро и оди во правец на запад до кота 2542, на границата со САП Косово.

Запад - од кота 2542 оди по границата на САП Косово Преку котите 2410, 2595, 2610, 2332, 2365, 2312, 2411, 2467, 2494, 2478, 2473 до тригонометарот 2408.

## II

Стопанисувањето со шумскиот резерват и ловиштето се врши со шумско-стопанска и ловно-стопанска основа кои се донесуваат во согласност со Законот за шумите и Законот за ловство.

## III

Со шумскиот резерват и ловиштето ќе стопанисува работната организација Шумско-индустриски комбинат „Јелак“ - Тетово.

## IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 226/6<br>6 ноември 1986 година<br>Скопје

Претседател<br>на Извршниот совет,<br>м-р **Глигорие Гоговски,** с.р.